1830
2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 23 мај 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 27 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**448.**

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и член 66 на Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ, на седницата од 15 мај 1980 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 15 мај 1980 година, се бира членот на Претседателството на СФРЈ од СР Босна и Херцеговина и досегашен потпретседател Цвиетин Мијатовиќ.

Бр. О-12
14 мај 1980 година
Белград

**Претседателство**
**на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Лазар Колишевски, с. р.**

---

**449.**

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и член 66 на Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ, на седницата од 15 мај 1980 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 15 мај 1980 година, се бира членот на Претседателството на СФРЈ од СР Словенија Сергеј Крајгер.

Бр. О-13
14 мај 1980 година
Белград

**Претседателство**
**на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Лазар Колишевски, с. р.**

**450.**

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, член 10 точка 4 од Законот за здружување во Заедница на југословенското електростопанство („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/78) и точка 6 на Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79), во согласност со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА И ЗА ШТЕДЕЊЕ НА ТЕЧНИ И ГАСОВИТИ ГОРИВА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛОТНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за мерките за намалување на потрошувачката и за штедење на течни и гасовити горива за производство на електрична и топлотна енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/79) во член 7 се додава став 2, кој гласи:

„Организациите на здружен труд од член 6 став 1 на оваа уредба се должни на крајот на секое тримесечје да ги разгледаат резултатите на заштедите што произлегуваат од нивните планови за штедење".

Член 2

Во член 8 став 1 на крајот од точка 5, точката се заменува со точка и запирка и потоа се додава точка 6, која гласи:

„6) ако тримесечно не ги разгледува резултатите на заштедите што произлегуваат од нејзиниот план за штедење (член 7 став 2)."

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 195
15 мај 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**д-р Иво Марган, с. р.**

**451.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производите и услугите во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79 и 5/80), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување, односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 11/77, 30/77, 62/77, 10/78, 16/78, 41/78, 42/78, 7/79, 19/79, 23/79, 24/79, 33/79, 35/79, 39/79, 57/79 и 7/80) во член 1в по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„На прометот на кибрит се плаќа основен данок на промет на производи според стапка од 74,83“.

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 197
15 мај 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

**452.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ“, бр. 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕЗОНСКИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат следните сезонски гранични премини за меѓународен сообраќај:

1) гранични премини за меѓународен поморски сообраќај: Изола, Новиград, Опатија, Примоштен, Котор, Будва и Тиват;

2) аеродромски граничен премин за меѓународен воздушен сообраќај „Порторож“ во Сечовле.

2. Граничните премини од точка 1 на ова решение ќе работат до 31 октомври 1980 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 196
15 мај 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

**453.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „PANORAMA“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Panorama“, број 732 од 28 април 1980 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/536
7 мај 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

**454.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „NEW MUSICAL EXPRESS“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „New Musical Express“, број 6362 од 5 април 1980 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/473
7 мај 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**455.**

Врз основа на член 96 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИСПИТУВАЊЕ И ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА НОВОСОЗДАДЕНА СЕЛЕКЦИЈА НА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ НА ШУМСКИ РАСТЕНИЈА И ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО СТРАНСКА СЕЛЕКЦИЈА НА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ НА ШУМСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на испитување и за постапката за признавање на новосоздадена селекција на семе и саден материјал на шумски растенија и за одобрување на воведување во производството странска селекција на семе и саден материјал за шумски растенија („Службен лист на СФРЈ", број 3/77) по член 11 се додава член 11а, кој гласи:

„Определени домашни селекции и одомаќени странски селекции, што се прошириле во производството и што се одликуваат со добри производствени својства, се внесуваат во листата на селекциите на семе и на садници на шумски растенија на Југославија врз основа на расположливата документација и резултатите на производството.

Барање за внесување во листата на селекциите од став 1 на овој член поднесуваат заинтересираните организации на здружен труд."

Член 2

Во член 12, во ст. 1 и 2 по зборовите: „од член 11 став 2" се додаваат зборовите: „и од член 11а став 1."

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2430/1
8 април 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
**Милован Зидар,** с. р.

---

**456.**

Врз основа на член 330 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 29/79) во спогодба со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

## НАРЕДБА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ УРЕДИ И УСЛУГИ НА КОНТРОЛАТА ЗА ЛЕТАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

1. За користење уреди и услуги на контролата за летање и водење на југословенски воздухоплови и на странски воздухоплови во јавниот превоз во воздушниот сообраќај превозникот плаќа надомест, зависно од тежината на воздухопловот и од должината на изминатиот воздушен пат.

Височината на надоместот од став 1 на оваа точка на домашен превозник му се пресметува во динари, на тој начин што изминатиот воздушен пат, изразен во единици од по 100 km, се множи со факторот 235, па добиената вредност се множи со вредноста што се добива со вадење на квадратен корен од односот на тежината на воздухопловот изразена во тони, како броител, и бројот 50, како именител, односно

$$\text{височина на надоместот} = \frac{\text{изминатиот воздушен пат}}{100} \times 235 \times \sqrt{\frac{\text{тежина на воздухопловот во тони}}{50}}.$$

Височината на надоместот од став 1 на оваа точка на странски превозник му се пресметува земајќи за пресметковен основ САД долар, така што факторот 235 од став 2 на оваа точка се заменува со факторот 12,52.

2. Доларската противвредност на надоместот од точка 1 став 3 на оваа наредба за странски превозник се пресметува во соодветната валута според куповниот курс на САД долар, што е утврден на југословенскиот девизен пазар на денот на фактурирањето, во согласност со важечката меѓународна платна или друга спогодба, а ако таква спогодба не постои, тогаш во која и да е конвертибилна валута што ќе ја предложи странскиот превозник.

3. Височината на надоместот пресметана според точка 1 ст. 2 и 3 на оваа наредба се намалува во јавниот превоз во меѓународниот воздушен сообраќај за 50%, ако еден превозник изврши повеќе од 200 слетувања на југословенски аеродроми во текот на еден месец.

4. Височината на надоместот пресметана според точка 1 став 2 на оваа наредба се намалува во јавниот превоз во домашниот воздушен сообраќај за 90%.

5. Како изминат воздушен пат во јавниот превоз во меѓународниот воздушен сообраќај што го врши домашен превозник, во смисла на оваа наредба, се подразбира патот што ќе го измине југословенски воздухоплов од последниот аеродром на полетувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија до југословенската граница, односно од југословенската граница до првиот аеродром на слетувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

6. Како тежина на воздухопловот, во смисла на оваа наредба, се смета најголемата дозволена тежина на воздухопловот во полетување на модел односно серија на определен тип воздухоплов. Ако во моментот на фактурирањето не се располага со податоци за одделен модел, односно серија на воздухоплов, како основ за пресметување на надоместот ќе се земе предвид најмалата тежина на моделот, односно на серијата на тој тип воздухоплов.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за височината на надоместот за користење уреди и услуги на контролата за летање и водење на воздухоплови во јавниот превоз во воздушниот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/78).

8. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 876/1
24 март 1980 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Авдо Звониќ, с. р.**

## 457.

Врз основа на член 330 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 20/79), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

# НАРЕДБА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ИЗВРШЕН ПРЕГЛЕД НА ВОЗДУХОПЛОВ

1. За извршен преглед на југословенски воздухоплов, зависно од категоријата и намената на воздухопловот, видот на прегледот и местото на вршењето на прегледот, се плаќа надомест во следните износи:

| Категорија и намена на воздухопловот | Надомест во динари според видот на прегледот | | |
|---|---|---|---|
| | основен | редовен | вонреден |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| А. Воздухоплови од сообраќајна категорија | | | |
| 1. Млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови со широк труп | 40 000 | 20 000 | 10.000 |
| 2. Млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 30.000 | 15.000 | 7.500 |
| 3. Клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 15 000 | 7.500 | 3.800 |
| 4. Млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 10.000 | 5.000 | 2.500 |
| 5. Клипни едномоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| Б. Воздухоплови од општа категорија | | | |
| 1. Воздухоплови за работа во земјоделството и шумарството: | | | |
| 1) клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 10 000 | 5.000 | 2.500 |
| 2) Млазни и турбоелисни еднюмоторни воздухоплови | 6.000 | 3.000 | 1 500 |
| 3) клипни едномоторни воздухоплови | 3.000 | 1 500 | 1.250 |
| 2. Воздухоплови за превоз на лица, предмети и пошта, воздухоплови за туризам, воздухоплови за ·авио-такси: | | | |
| 1) млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 15.000 | 7.500 | 3.800 |
| 2) клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 7.500 | 3.800 | 1.000 |
| 3) млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| 4) клипни едномоторни воздухоплови | 2.500 | 1.250 | 600 |
| 3. Воздухоплови за спортска дејност и обука на воздухопловен персонал: | | | |
| 1) млазни турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 10.000 | 5.000 | 2.500 |
| 2) клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| 3) млазни турбоелисни едномоторни воздухоплови | 3.000 | 1.500 | 750 |
| 4) клипни едномоторни воздухоплови | 1.500 | 750 | 400 |
| 5) едрилици | 1.300 | 650 | 300 |
| 6) змејови | 150 | 100 | 50 |
| В. Воздухоплови полесни од воздухот | | | |
| 1. Слободни балони | 1.200 | 600 | 300 |
| 2. Врзани балони | 800 | 400 | 200. |

Надоместот од став 1 на оваа точка се уплатува при поднесувањето на барањето за преглед на воздухоплови.

2. Ако на барање од носителот на правото на располагање односно, на сопственикот на воздухопловот преглед на воздухопловот се врши во странство, надоместот од точка 1 на оваа наредба се зголемува за износот на височината на дневниците инадоместот на трошоците за превоз на лицата што вршат преглед на воздухопловот.

Износот на надоместот на име дневници и трошоци за превоз на лицата од став 1 на оваа точка пресметан според прописите, подносителот на барањето го плаќа по завршениот преглед на воздухопловот.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за височината на надоместот за извршен преглед на воздухоплов („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/78).

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 40/66
28 март 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

---

**458.**

Врз основа на член 56 ст. 1 до 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација издава

## НАРЕДБА
## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО АТЕСТИРАЊЕ НА ЈАЖИЊАТА ЗА ИЗВОЗНИ ПОСТРОЈКИ ВО РУДАРСТВОТО

1. На задолжителното атестирање подлежат сите јажиња изработени во едно парче од стракови на челични жици, што се употребуваат за извозни постројки во рударството.

2. На испитувањето подлежат следните карактеристики на квалитетот на јажињата:

1) пречник на жицата;

2) пречник на јажето;

3) чекор и насока на плетењето на жиците во стракот и на страковите во јажето;

4) прекинувачка сила на жицата;

5) збирна прекинувачка сила на јажето;

6) превиткување на жицата;

7) виткање на жицата;

8) затезна цврстина на жицата;

9) цинкова превлака на жицата;

10) влакнеста влошка (содржина на сол, содржина на екстракти, агресивни киселини растворливи во вода);

11) импрегнациони средства и мазива.

3. Карактеристиките на квалитетот на јажињата за извозни постројки во рударството што подлежат на испитувања се утврдени:

1) со Правилникот за техничките нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците („Службен лист на СФРЈ", број 4/80);

2) со југословенскиот стандард JUS C.H1.030 — Челични јажања за извозни постројки во рударството. Технички услови за изработка и испорака;

3) со југословенскиот стандард JUS C.H1.052 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Тркалезни јажиња. Конструкција и технички карактеристики;

4) со југословенскиот стандард JUS C.H1.055 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Плоскати јажиња. Конструкции и технички карактеристики;

5) со југословенскиот стандард JUS F.B4.016 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Влакнесто јадро. Карактеристики и методи на испитувањето;

6) со југословенскиот стандард JUS B.H3.800 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Импрегнациони средства и мазива. Карактеристики и методи на испитувањето.

4. Испитувањето на карактеристиките на квалитетот на јажињата за извозни постројки во рударството, определени во точка 2 од оваа наредба, се врши на начинот определен со следните југословенски стандарди, и тоа:

1) со југословенскиот стандард JUS C.H1.030 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Технички услови за изработка и испорака;

2) со југословенскиот стандард JUS F.B4.016 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Влакнесто јадро. Карактеристики и методи на испитувањето;

3) со југословенскиот стандард JUS B.H3.800 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Импрегнациони средства и мазива. Карактеристики и методи на испитувањето;

4) со југословенскиот стандард JUS C.A4.002 — Механички испитувања на металите. Испитување со затегање;

5) со југословенскиот стандард JUS C.A4.016 — Механички испитувања на метали. Технолошко испитување на жици со свиткување (со торзија);

6) со југословенскиот стандард JUS C.A4.018 — Механички испитувања на метали. Испитување на жици со наизменично превиткување;

7) со југословенскиот стандард JUS C.A6.020 — Испитување на рамномерноста на цинковата превлака со бакарен сулфат, на железни или челични предмети;

8) со југословенскиот стандард JUS C.A6.021 — Испитување на масата на цинкот на поцинкувани челични и железни предмети.

5. Земањето на извадоци за испитување на јажиња за извозни постројки во рударството го врши организацијата овластена за атестирање.

Извадок за атестирање се зема од секој тип произведено јаже, и тоа по еден извадок со должина од 2 m.

Типовите на јажињата се определени со југословенските стандарди, и тоа:

1) со југословенокиот стандард JUS C.H1.052 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Тркалести јажиња. Конструкција и технички карактеристики;

2) со југословенскиот стандард JUS C.H1.055 — Челична јажиња за извозни постројки во рударството. Плоскати јажиња. Конструкција и технички карактеристики.

6. Постапката на атестирањето на производите од точка 1 на оваа наредба се спроведува според точка 2.2 на југословенскиот стандард JUS A.K2.003 — Постапки на испитувањето за атестирање и знак на квалитетот.

Кон барањето за атестирање мора да се достави спецификација на јажето според југословенскиот стандард JUS C.H1.030 — Челични јажиња за извозни постројки во рударството. Технички услови за изработка и испорака.

7. За јажињата за извозни постројки во рударството за кои со испитување ќе се утврди дека ги исполнуваат пропишаните услови, организацијата овластена за атестирање издава атест кон кој се прилага еден примерок на извештајот за испитувањето со резултатите на испитувањето на секое јаже.

8. Атестот и извештајот за испитувањето од точка 7 на оваа наредба се издава на образец што го издава Сојузниот завод за стандардизација.

9. Извештајот за испитувањето на секое јаже за извозни постројки во рударството произведено во Социјалистичка Федеративна Република Југославија содржи податоци:

1) за производот (назив, вид и конструкција — тип, година на производство, начин на појажувањето, насока на појажувањето, дали е во прашање влакнеста или метална влошка, пречник на жиците и на јажето);

2) за производителот (фирма, односно назив и седиште);

3) за земањето на извадоци (датум и место на земањето извадоци, потпис на работникот кој го зел извадокот);

4) за прописите според кои е вршено испитувањето, односно за постапката на испитувањето;

5) за резултатите на испитувањето;

6) за бројот на издадениот атест;

7) за местото и датумот на издавањето на извештајот за испитувањето.

Извештајот за испитувањето на секое јаже за извозни постројки во рударството од увоз ги содржи податоците:

1) за испораката (назив на производот, вид и конструкција — тип, производителот, испорачувач, односно увозник, земјата на потеклото, број и датум на заклучокот, број и датум на договорот, број и датум на фактурата, број на царинската декларација, место и датум на стасувањето на стоките, превозник — шпедитер, начин на пакувањето, транспортно средство и количина);

2) за земањето на извадок (датум и место на земањето на извадокот, потпис на работникот кој го зел извадокот);

3) за прописите според кои е вршено испитувањето, односно за постапката на испитувањето;

4) за резултатите на испитувањето;

5) за бројот на издадениот атест;

6) за местото и датумот на издавањето на извештајот за испитувањето.

Заглавјето на извештајот за испитувањето од став 2 на оваа точка ја содржи фирмата, односно називот и седиштето на организацијата овластена за атестирање, како и бројот на решението за овластувањето и датумот на издавањето на решението.

Извештјот за испитувањето мора да биде заверен со потпис на овластениот работник на организацијата овластена за атестирање и со нејзин печат.

10. Издадениот атест за ист тип јаже, што и натаму се произведува, односно увезува, важи пет години од денот на издавањето. Се смета дека јажето има важечки атест, без оглед на датумот на продажбата, ако е произведено или увезено во рамките на важењето на атестот.

11. Организацијата овластена за атестирање води евиденција за атестираните производи од точка 1 на оваа наредба, чија документација се чува најмалку осум години.

12. Јажето за кое е издаден атестот, производителот односно увозникот го означува со атестен знак.

Означувањето со атестен знак се врши со втиснување на плочка или со нанесување на исправата која го придружува производот во прометот, при што големината B од точка 5 на Наредбата за изгледот и употребата на атестниот знак („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/79) изнесува 30 mm.

Атестниот знак мора да содржи две буквени и две бројни ознаки. Буквените ознаки се однесуваат на групата и подгрупата на југословенските стандарди на кои им припаѓаат тие производи, а бројните ознаки се шифра на организацијата овластена за атестирање.

13. За атестирање на јажињата за извозни постројки во рударството може да се овласти организација на здружен труд која во поглед на опременоста и стручните квалификации на кадрите ги исполнува следните услови, и тоа:

а) располага со подолу наведената опрема, и тоа со:

1) машина за испитување со кинење;

2) апарат за наизменично превиткување;

3) апарат за испитување со свиткување;

4) микрометар;

5) мерило што се поместува;

6) друга лабораториска опрема;

б) на работите на атестирањето може да распореди работници што ги имаат следните стручни квалификации, и тоа:

1) ако е во прашање работник кој раководи со испитувањето на јажињата — висока школска подготовка од соодветна струка, со најмалку три години работно искуство на работите за испитување на јажиња за извозни постројки во рударството;

2) ако се во прашање стручни работници — соодветна виша или средна стручна подготовка со соодветна струка, со најмалку две години работно искуство на работите за лабораториско испитување на јажиња.

14. Организацијата на здружен труд овластена за атестирање е должна да изврши атестирање на јаже за извозни постројки во рударството во рок од најмногу 30 дена, сметајќи од денот на земањето на извадокот на јажето.

15. Оваа наредба влегува во сила по истекот од шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 21-31-7798/1
29 IV 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**459.**

Врз основа на чл. 32. и чл. 66 став 1 точка 17 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/78, 20/79, 32/79 и 6/80) во точка 2 став 1 во одредбата под 7 зборовите: „до 31 март 1980 година" се заменуваат со зборовите: „до 30 јуни 1980 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 31
16 мај 1980 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**460.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА КИБРИТ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 28 февруари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените малопродажни цени за кибрит, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени малопродажни цени да ги зголемат така што највисоката продажна цена да изнесува, и тоа за:

| | Дин/кутија |
|---|---|
| 1) дрвен кибрит формат 5 ЕК и 5 ЕКД од 50 кибритчиња | 1 |
| 2) парафински кибрит „Парафинка" од 100 стапчиња | 2 |

Во малопродажните цени од став 1 на оваа точка учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата се содржани во апсолутни износи, согласно со прописите.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3 На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1638 од 9 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 3 производители, потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 1 купувачи-потрошувачи, потписници на Спогодбата.

**461.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 на Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ДЕТЕРЏЕНТИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 25 февруари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените малопродажни цени за детерџенти, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени малопродажни цени, при постојните услови на продажбата, согласно со Одлуката за максимирање на учеството за покритие на трошоците на прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79), да ги зголемат до 16,5%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1815 од 16 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 18 производители, потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 23 купувачи-потрошувачи, потписници на Спогодбата.

**462.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/8,0) претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРЕРАБОТКИ ОД РИБИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 8 јануари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за преработки од риби, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 15%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузен завод за цени, со решение бр. 570 од 14 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 8 производители потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 14 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

## 463.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ХАРТИЈА НА МАЛИ (АЃУСТИРАНИ) ФОРМАТИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 22 февруари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за хартија на мали (аѓустирани) формати, со тоа што производтелските организации на здружен труд да можат своите затечени големопродажни цени да ги зголемат до 19%.

Во цените од став 1 на оваа точка учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата се содржани во апсолутни износи, согласно со прописите.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1915 од 13 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 10 производители-потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 32 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

## 464.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ХАРТИЈА ВО ГОЛЕМ ФОРМАТ И ВО МАКАРИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 22 февруари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за хартија во голем формат и во макари, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени големопродажни цени да ги зголемат до 19%.

Во цените од став 1 на оваа точка учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата се содржани во апсолутни износи, согласно со прописите.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1914 од 13 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 11 производители-потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 51 купувач-потрошувач потписник на Спогодбата.

## 465.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 на Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА МЕТАЛЕН МЕБЕЛ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 25 јули 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за метален мебел, со тоа што производителските организации на здружен труд можат своите затечени продажни цени за каси и ормани, регали и опрема за складови да ги зголемат до 12,5%, при условите на продажбата од Спогодбата.

Во цените од став 1 на оваа точка учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата се содржани во апсолутни износи, согласно со прописите.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3868 од 12 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Примат" — Марибор, „Зимпа" — Уб и „Метинг" — Госпиќ.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 15 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

**466.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ИНДУСТРИСКИ МАШИНИ ЗА ШИЕЊЕ И ЗА НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 15 јануари 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за индустриски машини за шиење и за нивни резервни делови, со тоа што производителската организација на здружен труд да може своите затечени продажни цени, при условите на продажбата од Спогодбата, да ги зголеми до 11,5%.

Во цените од став 1 на оваа точка учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата се содржани во апсолутни износи, согласно со важечките прописи.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1227 од 7 мај 1980 година.

4 Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Багат" — Задар.
Претставници на купувачите-потрошувачи: 12 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**467.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЧЕЛИЧНИ РАДИЈАТОРИ И ПРИБОР ЗА МОНТАЖА И ЗАКАЧУВАЊЕ НА РАДИЈАТОРИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 18 март 1980 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за челични радијатори и прибор за монтажа и закачување на радијатори, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 11%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 2509 од 12 мај 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 8 производители-потписници на Спогодбата.
Претставници на купувачите-потрошувачи: 13 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**468.**

